Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 52 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1366/1 од 27.03.2025 година и Заклучокот арх.бр.02-1670/8 од 10.04.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 16-та седница одржана на 10.04.2025 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно Друштво (ТРД) КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот телевизискиот програмски сервис, емитуван на 4-ти март 2025 година, во емисијата „Thirre 21-shin (Повикај го 21)“ – актуелно – информативно говорно шоу во кое има можност и за наградно учествување на гледачите, давателот на аудиовизуелната медиумска услуга не обезбеди ниту недвосмислено објавување на правилата, ниту информации за јавно ветената награда. Соопштението, пак, кое го објавил на својата интернет-страница, не ги содржи потребните информации пропишани од страна на Агенцијата во подзаконскиот акт – Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1366/1 од 27.03.2025 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**Образложение**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ, е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка - јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 52 од ЗАВМУ, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги при емитување на квизови или други различни облици на наградно учествување на гледачите е должен да обезбеди недвосмислено објавување на правилата за тие содржини и за јавно ветената награда, на начин пропишан од страна на Агенцијата.

Според членот 3 (Правила за организирање програми со наградно учествување) став 1 од Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност, давателот на аудиовизуелната медиумска услуга, за емитувањето програми со наградно учествување е должен да усвои правила што ги објавува на својата веб страница и за кои ја информира Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Правилата на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да содржат одредби за следниве аспекти на програмата: опис на групата гледачи за кои е наменета конкретната програма, детален опис на начинот на учество во програмата и начинот на кој се освојува награда, трошоците за учество во програмата, евентуални ограничувања за учество во програмата на поединци (на пример: вработени кај давателот на услугата и членовите на нивните семејства и сл.), евентуални општи ограничувања за учество во програмата: траење на играта/натпреварот, максимален број учесници, максимален број учесници во текот на едно издание на програмата, временски период што треба да помине за повторно учество во програмата по добивањето награда и сл., начинот на кој му се доделува наградата на добитникот, просечна вредност на наградите што се доделуваат во програмата, начинот на кој се прогласуваат победниците во натпреварот или играта, начинот на кој гледачите се известуваат за крајот на играта, начинот и периодот на кој наградата му се доставува на добитникот без дополнителни трошоци, односно постапката по која добитникот може да побара да му се достави наградата, начинот на кој ќе се ракува со личните податоци на учесниците во програмата и добитниците на наградите (став 2 од истиот член на Правилникот).

Во член 4 (информирање на гледачите и слушателите за правилата) став 1 од погорецитираниот Правилник, давателот на аудиовизуелната медиумска услуга, при емитувањето програми со наградно учествување, треба јасно и недвосмислено да ги информира гледачите најмалку за: начинот и трошоците за учество во програмата, ограничувањата за учество во програмата, видот на наградата, начинот на доделување и начинот и периодот на доставување на наградата до добитникот и да потсетува дека целосните правила за учество во програмата или во нејзин дел можат да се најдат на веб страницата на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 27-ми март 2025 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4-ти март 2025 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 52 од ЗАВМУ, на начин што на програмскиот сервис од 4-ти март 2025 година, во емисијата „Thirre 21-shin (Повикај го 21)", актуелно-информативно говорно шоу, во кое има можност и за наградно учество на гледачите, ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје не обезбеди ниту недвосмислено објавување на правилата, ниту информации за јавно ветената награда, како што е пропишано со „Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност". Соопштението, пак, кое го објавил на својата интернет-страница, не ги содржи потребните информации пропишани во подзаконскиот акт - Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност.

Повредата од точка 1 на ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1366/1 од 27.03.2025 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на ден 28.03.2025 г., испрати Допис арх.бр.10-1366/2 од 28.03.2025 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1366/1 од 27.03.2025 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 28.03.2025 година. Во предвидениот рок, ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 10.04.2025 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 52 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1366/1 од 27.03.2025 година и Заклучокот арх.бр.02-1670/8 од 10.04.2025 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 16-та седница одржана на 10.04.2025 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1366/1 од 27.03.2025 година.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСК УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 27.03.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредно Vlera: |
| 10 | 1366/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 март 2025 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 март 2025 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Член 50-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на личните податоци на малолетните лица);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица – пречистен текст** (Бр. 01-4898/1 од 22.11.2024)
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи - пречистен текст** (Бр. 01-2970/1 од 05.07.2024);
   - **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (Бр. 01-4897/1 од 22.11.2024);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);

- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 март 2025 година, констатирано е прекршување на членот 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврски при организирање програми со наградно учествување).

Во емисијата „Thirre 21-shin (*Повикај го 21*)", актуелно-информативно говорно шоу, има можност и за наградно учество на гледачите, но ТВ 21-М не обезбеди ниту недвосмислено објавување на правилата, ниту информации за јавно ветената награда, како што е пропишано со „Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност". Соопштението, пак, кое го објавил на својата интернет-страница, не ги содржи потребните информации пропишани во подзаконскиот акт - Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност.

Според членот 3 од Правилникот – „*Правила за организирање програми со наградно учествување*", ТВ 21-М како давател на аудиовизуелната медиумска услуга е должен да го обезбеди следново:

- да усвои правила што ќе ги објави на својата веб-страница, и за тоа да ја извести и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- да ја опише групата гледачи за кои е намената конкретната програма;
- да даде детален опис за начинот на учество во програмата и за начинот на кој се освојува награда;

потоа, да ги објави:

- трошоците за учество во програмата (ако ги има);
- евентуалните ограничувања за учество во програмата на поединци (*на пример: вработени кај давателот на услугата и членовите на нивните семејства и сл.*);
- евентуалните општи ограничувања за учество во програмата, како што се: траење на наградната игра, максималниот број учесници вкупно или, пак, во текот на едно издание на програмата, временскиот период што треба да помине за повторно учество во програмата по добивањето награда и сл.;
- начинот на кој му се доделува наградата на добитникот;
- просечната вредност на наградите што се доделуваат во програмата;
- начинот на кој се прогласуваат победниците во натпреварот или играта;
- начинот на кој гледачите се известуваат за крајот на наградната игра;

- начинот и периодот на кој наградата му се доставува на добитникот без дополнителни трошоци, односно постапката по која добитникот може да побара да му се достави наградата;
- начинот на кој ќе се ракува со личните податоци на учесниците во програмата и добитниците на наградите.

Според членот 4 од Правилникот – „***Информирање на гледачите за правилата***", ТВ-21-М, како давател на аудиовизуелната медиумска услуга, треба недвосмислено да ги информира гледачите најмалку и за:

- начинот и трошоците за учество во програмата;
- ограничувањата за учество во програмата;
- видот на наградата, начинот на доделување и начинот и периодот на доставување на наградата до добитникот;
- да потсетува каде можат да се најдат целосните правила за програмата.

**4 март 2025 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **почеток** | **Крај** |
| „Thirre 21-shin "- актуелно-информативно говорно шоу | 17:03:37 | 18:01:34 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 март 2025 година, во емисијата „Thirre 21-shin (Повикај го 21)" - актуелно-информативно говорно шоу во кое има можност и за наградно учествување на гледачите, давателот на аудиовизуелната медиумска услуга не обезбеди ниту недвосмислено објавување на правилата, ниту информации за јавно ветената награда. Соопштението, пак, кое го објавил на својата интернет-страница, не ги содржи потребните информации пропишани во подзаконскиот акт - Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***